Машински факултет
Број 02-537/3
2.04.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 3 став 1 од Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ број 76/2020), член 7 став 1 и член 8 став 5 од Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник број 489/2020), како и член 86 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019),а во врска со одбраната на дипломски, магистерски и докторски трудови преку видеоконференциска платформа, Деканатската управа на Факултетот, на 44-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 2 април 2020 година, го донесе следново

# УПАТСТВО

## за користење на видеоконференциска платформа при одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови на Машинскиот факултет во Скопје

1. Одбраните на дипломски, магистерски и докторски трудови на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, за време на траење на вонредната состојба ќе се врши со примена на електронските средства за комуникација, со спроведување на одбранитепреку видеоконференциskатаплатформа Microsoft Teams, во согласност со ова упатство.

2. Со цел обезбедување квалитет при одбраната на труд (дипломски, магистерски или докторски) потребно е кандидатот и членовите на комисијата да поседуваат соодветна опрема за меѓусебна аудио-визуелна комуникација. Сите учесници во одбранататреба да поседуваат стабилна интернет врска и да се наоѓаат во просторија во која ќе бидат изолирани од околината со што нема да може да се нарушува текот на одбраната од надворешни влијанија.

3. За одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови, на платформата Microsoft Teams од страна на Факултетот ќе бидат формирани 2 тима:

- Тим 1 (Комисии)

- Тим 2 (Одбрани)

Секој од овие тимови ќе биде користен за понатамошно формирање канали за секоја одбрана на труд поединечно.

Каналите за одбрана на трудот треба да се формираат најдоцна 24 часа пред одбраната.

4. Од страна на менторот во соработка со кандидатот или претставник на Компјутерскиот центар на Факултетот се формираат два канали на Microsoft Teams платформата, во секој тим соодветно. Во Тим 1 (Комисии) се формира канал до кој имаат пристап само членовите на комисијата за одбрана на трудот, а во Тим 2 (Одбрани) се формира канал до кој пристап ќе имаат кандидатот, членовите на комисијата за одбрана на трудот и зависно од потребата - продеканот за наука, претставник од деканатот и администратор.

Комисијата се состанува 30 минути пред почетокот на одбраната во Тим 1 (Комисии), заради усогласување помеѓу членовите и распределба на задачи за текот на одбраната.

Потоа комисијата се исклучува од Тим 1 (комисии) и се Вклучува во Тим 2 (одбрани) каде е и кандидатот, се следи одбраната се поставуваат прашањата, кандидатот одговара и одбраната завршува. Потоа кандидатот останува активен во Тим 2 (одбрани) во соодветниот канал, а комисијата се исклучува од овој тим и се вклучува одново во Тим 1 (комисии), каде креира оцена и потоа повторно се исклучува од Тим 1(комисии) и се враќа во Тим 2 (одбрани) каде кандидатот чека и му ја соопштува одлуката.

Сите потребни документи за одбраната кои ги подготвуваат службите, треба да бидат прикачени во конкретниот канал од страна на студентската служба.

Доколку член на комисијата е наставник кој не е дел од Машинскиот факултет и доколку истиот не може да се поврзе со својата e-mail адреса на платформата Microsoft Teams, тоа лице ќе добие на користење привремена e-mail адреса преку Компјутерскиот центар на Факултетот, која ќе биде укината по завршување на одбраната.

Секој од двата канали формиран за секоја поединечна одбрана ќе биде во следниот формат:

- XX-## Одбрана на (дипломски, магистерски труд/докторска дисертација) - име и презиме на кандидатот, каде XX е

- Д.Т. за дипломски труд

- М-р. за магистерски труд, а

- Д-р. е за докторски труд

- ## е име и презиме на кандидатот

5. Од кога ќе се утврди дека членовите на комисијата, кандидатот и останатите учесници се подготвени за започнување на одбраната на трудот, самиот чин на бранење на трудот се одвива исто како и при традиционалниот начин на одбрана, при тоа почитувајќи ги правилата на постапката за одбрана на трудот.

6. По завршување на востановените процедури за одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови, за донесување на одлука се користи каналот во Тим 1 (Комисии).

7. Секоја одбрана на труд задолжително се снима преку платформата Microsoft Teams со цел обезбедување на транспарентност на целата постапка и за тоа е задолжен менторот на кандидатот, или во случај на спреченост од технички карактер – било кој од присутните на одбраната.

8. Доколку настане прекин на видеоконференцијата на било кој од учесниците во одбраната и врската не се воспостави повторно во рок од 30 минути од настанување на прекинот, одбраната на трудот ќе се презакаже во друг термин.

9. За извршената одбрана на трудот стандардната документација во печатена форма се доставува соодветно до службите на Факултетот, кога за тоа ќе има реални услови.

Доколку печатената документација не може да се приложи во рок подолг од времето за кое документот му е потребен на кандидатот, доволно е менторот да испрати потполнет записник (за дипломските трудови со дефинирана оценка) во дигитален формат до членовите на комисијата, а тие да го потврдат истиот по email. Потоа, email-от со записникот и потврдите од членовите, менторот ги испраќа до email-от на студентската служба.

10. Упатството влегуваво сила со денот на донесувањето.

Упатството да се достави до: наставниот кадар, продеканите, студентска служба, web страната, општа служба и архивата на Факултетот.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев